**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**================================**

**Број 09 - 144/1**
**22/02/2024 година**
**Пласница**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
## за користењето на средствата од резервите на Буџетот на општина Пласница за 2023 година

Врз основа на член 31 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 61/04; 96/04; 67/07; 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), Градоначалникот на општина Пласница донесе Годишен извештај за користењето на средствата од резервите на Буџетот на општина Пласница за 2023 година.

Од средствата на постојана резерва (непредвидливи расходи) планирани во Буџетот на општина Пласница за 2023 година во програма А0 – Совет на општина во износ од 135.000,00 денари реализирани се средства во износ од 100.000,00 денари.Средствата се исплатени по Одлука на Совет број 08-89/4 од 09/02/2023 година за одобрување на парична помош за настраданите во земјотресот во Турција.

Од средствата на тековни резерви (разновидни расходи) планирани во Буџетот на општина Пласница во програма А0 – Совет на општина за 2023 година во износ од 35.000,00 денари реализирани се средства во износ од 30.000,00 денари. Средствата се исплатени по Заклучок на совет број 08-272/11 од 16.06.2023 година и Заклучок на совет број 08-326/8 од 10.07.2023 година за одобрување на парична помош за лекување.

Од средствата на тековни резерви (разновидни расходи) планирани во Буџетот на општина Пласница за 2023 година во програма ДО – Градона;алник во износ од 50.000,00 денари реализирани се средства во износ од 50.000,00 денари.Средствата се исплатени по Решение на Градоначалникот број 09-292/2 од 08/06/2023 година и Решение на Градоначалникот број 09-499/2 од 24/1/2023 година за одобрување на парична помош за социјална заштита.

**ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**АЛИЈА ЈАОСКИ**

__________________________